Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. " број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 14/42) член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- (Пречистен текст)(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров - Скопје го дава следното:**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран плански опфат од утврдениот **Нацрт План ДУП за Градска четврт СЗ 18, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:**

## Повторна Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот за Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 18 - Општина Ѓорче Петров - Скопје, со следните граници на плански опфат:**

- **Север - осовина на булевар „Илинден" – А.04-С.06;**
- **Исток – осовина на постојна сервисна улица „Ацо Шопов-2";**
- **Југоисток – осовина на постојна сервисна улица „Ацо Шопов-1"; и**
- **Запад – осовина на планирана собирна улица „ Ацо Шопов " .**

Нацртот за Детален урбанистички план за **Градска четврт СЗ 18**, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е утврден со одлука на Советот, донесена на 13.06.2014 год., со број 07-1912/9 ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 7/14). **Големината планскиот опфат изнесува 12.57ха.**

- **Планот ќе биде изложен во просториите на УЗ "Ѓорче Петров", во период од 10 работни дена.**
- **Повторната Јавна анкета ќе трае од 01.12.2014 до 15.12.2014 - 10 работни дена,** сметано од објавата во Јавните гласила „Нова Македонија" и "Утрински весник", **секој работен ден од 08.00 - 16.00 часот.** Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**
- **Повторна Стручна расправа за Нацртот за Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров - Скопје, ќе се одржи на 10.12.2014 (среда) во 11 часот,** во просториите на **УЗ "Ѓорче Петров".**
- **Повторната Јавна презентација на планот ќе се одржи на 10.12.2014 (вторник) во 12 часот,** во просториите на **УЗ "Ѓорче Петров".**

Анкетни листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на УЗ „Ѓорче Петров" Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица за конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08-4998/2**
**28.11.2014 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ